# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

## за извршување на Буџетот на Општина Битола во третиот квартал од 2024 год.

Согласно Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа член 32 став 2 ("Службен весник на РМ" бр.61/04 , 96/04 и 156/09) се утврдува обврската на Градоначалникот на општината да доставува до Министерството за финансии и до Советот на општината квартални извештаи со образложение за извршување на буџетот во рок од еден месец по завршувањето на кварталот.

Во буџетот на Општина Битола, за третиот квартал биле реализирани приходи во износ од 732.321.458,00 денари, од планираните 1.170.552.063,00 денари од вкупниот **основен Буџет** на Општина Битола, или 62,56%, додека реализираните расходи се во износ од 732.321.458,00 денари, од планираните 1.170.552.063,00 денари од вкупниот **основен Буџет** на Општина Битола или 62,56%.

***Динамика на движење на приходите во третиот квартал:***

Ставка 711- Данок од доход, од добивка и од капитални добивки, за третиот квартал, од планираните 52.620.000,00 денари од вкупниот основен Буџет, остварени се приходи во износ од 58.591.995,00 денари или над 100%.

Ставка 713- Данок на имот за третиот квартал, од планираните во вкупниот основен буџет 154.250.000,00 денари, остварени се приходи во износ од 136.044.474,00 денари или 88,20%.

Ставка 717- Данок на специфични услуги во третиот квартал, од планираните 281.793.336,00 денари, остварени се приходи во износ од 193.236.192,00 денари или 68,57%.

Ставка 718- Такси за користење или дозволи за вршење на дејност од планираните 23.260.000,00 денари, остварени се 963.626,00 денари или 4,14%.

Ставка 722- Глоби, судски и административни такси во третиот квартал, од планираните 3.000.000,00 денари, остварени се приходи во износ од 2.575.996,00 денари или 85,87%.

Ставка 723- Такси и надоместоци во третиот квартал, од планираните 10.000.000,00 денари, остварени се приходи во износ од 8.653.671,00 денари или 86,54%.

Ставка 725- Други неданочни приходи во третиот квартал, од планираните 13.611.991,00 денари, остварени се приходи во износ од 5.669.911,00 денари или 41,65%.

Ставка 731-Продажба на капитални средства во третиот квартал не се планирани средства, но се реализирани со износ од 3.745.907,00 денари.

Ставка 733- Продажба на земјиште и нематеријални вложувања од планираните 60.505.000,00 денари, остварени се 22.194.973,00 денари или 36,68%.

Ставка 741-Трансфери од други нивоа на власт во третиот квартал, од планираните 571.511.736,00 денари, остварени се приходи во износ од 300.644.713,00 денари или 52,61%.

***Динамика на движење на расходите во третиот квартал***:
***Вкупни тековни оперативни расходи:***

Ставка 401- Основни плати реализирани се расходи во третиот квартал во износ од 58.543.015,00 денари, од вкупно планираните во буџетот 89.944.045,00 денари.

Ставка 402- Придонеси од социјално осигурување од работодавачите, реализирани се трошоци во износ од 22.131.668,00 денари, од вкупно планираните во буџетот 36.588.204,00 денари.

Ставка 404- Надоместоци во третиот квартал реализирани се трошоци од 12.862.676,00 денари, од планираните 17.735.000,00 денари.

Ставка 412- Постојана резерва во третиот квартал не се реализирани трошоци, од планираните 1.500.000,00 денари.

Ставка 413- Тековни резерви во третиот квартал, не се реализирани трошоци, од планираните 200.000,00 денари.

Ставка 420- Патни и дневни расходи реализирани се расходи во износ од 682.935,00 денари, од планираните 3.170.000,00 денари.

Ставка 421- Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт реализирани се расходи во третиот квартал во износ од 78.300.809,00 денари, од планираните 102.248.000,00 денари.

Ставка 423- Материјали и ситен инвентар реализирани се расходи за третиот квартал во износ од 7.128.989,00 денари, од планираните 15.204.400,00 денари.

Ставка 424-Поправка и тековно одржување, реализирани се трошоци во третиот квартал во износ од 87.335.222,00 денари, од планираните 107.664.442,00 денари.

Ставка 425-Договорни услуги реализирани се услуги во третиот квартал во износ од 30.556.250,00 денари, од планираните 49.089.382,00 денари.

Ставка 426-Други тековни расходи реализирани се трошоци за третиот квартал во износ од 17.703.557,00 денари, од планираните 26.566.760,00 денари.

Ставка 427- Привремени вработувања реализирани се трошоци за третиот квартал во износ од 12.678.706,00 денари, од планираните 21.270.869,00 денари.

Ставка 452- Каматни плаќања кон домашни кредитори во третиот квартал се реализирани трошоци во износ од 2.690.976,00 денари, а планирани се средства во износ од 3.000.000,00 денари.

Ставка 461- Субвенции за јавни претпријатија, се реализирани трошоци за третиот квартал со износ од 16.094.684,00 денари, од планираните 16.679.324,00 денари.

Ставка 463- Трансфери до невладини организации, реализирани се трошоци за третиот квартал во износ од 76.440.000,00 денари, од планираните 86.200.000,00 денари.

Ставка 464- Разни трансфери реализирани се трошоци во третиот квартал во износ од 46.431.392,00 денари, од планираните 82.844.371,00 денари.

Ставка 465- Исплата по извршни исправи бил планиран износ од 1.400.000,00 денари, реализирани се трошоци во третиот квартал во износ од 282.399,00 денари.

Ставка 471- Социјални надоместоци реализирани се трошоци во третиот квартал во износ од 4.375.201,00 денари, од планираните 5.000.000,00 денари.

***Вкупни капитални расходи:***

Ставка 480- Купување на опрема и машини реализирани се расходи за третиот квартал во износ од 5.130.677,00 денари, од планираните 12.209.115,00 денари.

Ставка 482-Други градежни објекти реализирани се расходи за третиот квартал во износ од 230.500.939,00 денари, од планираните 448.051.575,00 денари.

Ставка 483- Купување на мебел од планираните 780.000,00 денари, реализирани се расходи за третиот квартал се 636.278,00 денари.

Ставка 485- Вложувања и нефинансиски средства реализирани се расходи во третиот квартал во износ од 7.533.373,00 денари, од планираните 26.572.576,00 денари.

Ставка 486-Купување на возила во третиот квартал се планирани 2.134.000,00 денари , но не се реализирани никакви расходи.

Ставка 491- Отплата на главница до нерезидентни кредитори реализирани расходи за третиот квартал се во износ од 14.281.712,00 денари од планираните 14.500.000,00 денари.

Извршувањето на расходите на буџетската сметка за сите програми е 62,56%. Програмата А0- Совет на општината е извршен 51,30%, програмата В1-Детска градинка со 24,47%, програма В2-Старски дом со 90,30%, ВАА-Изградба на детска градинка во АРМ е извршена со 80,87%, програмата Г1- Поддршка на локалниот економски развој е извршена со 67,07%, програмата Г2 -Поттикнување на развојот на туризмот е извршена со 73,16%, програмата ГД- Проекти за енергетска ефикасност е извршена со 83,19%, програмата ГДЛ-Санација на систем за греење во спортска сала Боро Чурлевски со 100%, програмата Д0-Градоначалник е извршена со 74,42%, програмата Д1- Месна самоуправа со 28,91%, програмата Е0- Општинска администрација исполнета со 64,67%, програмата ЕА- Капитални трошоци на општината е реализирана со 40,29%, програмата Ј2- Одведување и пречистување на отпадни води со 100%,програмата Ј3- Јавно осветлување е извршена со 70,60%, програма Ј4- Јавна чистота со 100%, програмата Ј5-Јавен локален превоз на патници со 71,88%, програмата Ј6-Одржување и заштита на локални патишта и улици и регулирање на режимот на сообраќајот со 68,27%, програма Ј7- Одржување и користење на паркови и зеленило со 100%, програмата Ј8-Други комунални услуги со 76,48% ЈА- Изградба на јавно осветлување реализирана со 72,93%, ЈГ-Изградба на системи за водоснабдување со 13,54%, ЈГВ-Реконструкција на водоводна мрежа на улици во населба Недопирливи со 100%, програмата ЈГН-Реконструкција на водоводна мрежа на ул.Стив Наумов со 27,75%, програма ЈГЊ-Реконструкција на водоводна мрежа на ул.Бурса со 97,42% програмата ЈГР-Реконструкција на водоводни приклучоци во Горно Оризари со 58,38%, ЈД- Изградба и реконструкција на локалните патишта и улици со 34,46%, програма ЈДГ-Реконструкција на коловоз на локален пат с.Цапари (до ф-ката) со 100%, ЈДК- Изградба и реконструкција на локалните патишта и улици Булевар 1-ви Мај со 83,73%, ЈДЛ-Реконструкција на улица Солунска со 50,98%, ЈДН-Реконструкција на паркинг простор кај спортската сала Боро Чурлевски со 99,59%, ЈДО-Изградба на улична мрежа во с.Оптичари со 90,99%, ЈДС-Реконструкција на коловоз на ул.Стив Наумов со 37,69%, ЈДТ-Изградба на улици СТУ1 во АРМ четврт 1 со 20,03%, ЈДУ-Изградба на улична мрежа во с.Егри и во с.Лажец со 92,12%, ЈДХ-Реконструкција на улицата покрај Св Неделските гробишта со 94,67%, ЈДЦ-Изградба на улична мрежа во с.Долно Оризари со 76,97%, ЈИ-Изградба на системи за одведување и пречистување на

отпадни води е извршена со 22,21%, ЈИЕ- Реконструкција на канализациона мрежа во населба Недопирливи со 97,01%, ЈИН-Реконструкција на канализациона мрежа на ул Стив Наумов со 72,81%, ЈИР-Реконструкција на канализациона мрежа на улица Солунска втора фаза со 63,65%, ЈИФ-Реконструкција на мешовита канализација на краци во Горно Оризари со 95,65%, ЈЛ-Други комунални услуги (капитални расходи) е реализирана со 24,92%, ЈЛБ-Адаптација на објект-ветеринарни институции од урбан тип со 100%, ЈЛЈ-Употреба и одржување за ЛИП на поплочен простор со одводнување и осветлување со 84,72%, ЈФ-Изградба на сообраќајна сигнализација со 28,04%, К3-Музејска и кинотечна дејност со 66,50%, К4-Културни манифестации и творештво е реализирана со 80,87%, КАМ -Партерно уредување околу Офицерски дом е извршена со 99,90%, ЛО-Спорт и рекреација со 93,26%, програма ЛА-Спорт и рекреација (капитални расходи) со 99,85%, ЛАЕ-Реконструкција на спортски игралишта во ОУ Елпида Караманди со 100%, Н1- Основно образование со 77,51%, Њ0- Противпожарна заштита со 66,21%, ЊАА-Изградба на објект на противпожарната единица на АРМ со 100%, Р1-Заштита на животна средина и природа со 14,06%, Ф1-Урбанистичко планирање со 43,99% и Џ1-Родова еднаквост со 5,45%.

***Корисници на средства од сметка наменска и блок дотација:***

Вкупните тековни оперативни приходи за корисниците на средствата од сметката за **наменска и блок дотација** се реализирани во износ од 833.109.744,00 денари, од планираните 1.203.448.553,00 денари, или 69,23%.

Вкупните тековни оперативни расходи за корисниците на средствата од сметката за **наменската и блок дотација** за третиот квартал реализирани се во износ од 810.458.651,00 денари од планираните 1.203.448.553,00 денари или 67,34% и тоа:

Ставка 401- Основни плати реализирани се расходи од 543.172.069,00 денари, од планираните 741.055.805,00 денари.

Ставка 402- Придонеси за социјално осигурување од работодавачите е со реализирани расходи во износ од 212.742.840,00 денари, од планираните 288.616.325,00 денари.

Ставка 404- Надоместоци во третиот квартал е со планирани средства од 8.278.799,00 денари, но не е реализирана во третиот квартал.

Ставка 421- Комунални услуги, комуникација и транспорт, реализирани се трошоци во износ од 19.840.633,00 денари, од планираните 44.651.109,00 денари.

Ставка 423- Материјали и ситен инвентар реализирани се трошоци во износ од 893.189,00 денари, од планираните 3.064.092,00 денари.

Ставка 424- Поправка и тековно одржување реализирани се трошоци во износ од 906.716,00 денари, од планираните 38.806.635,00 денари.

Ставка 425- Договорни услуги реализирани се услуги во износ од 26.115.716,00 денари, од планираните 38.799.900,00 денари.

Ставка 426- Други оперативни расходи од планираните 736.629,00 денари, реализирани се трошоци во третиот квартал во износ од 1.374.127,00 денари.

Ставка 464- Разни трансфери е планирана со износ од 6.062.900,00 денари, реализирана е со износ од 1.522.307,00 денари.

Ставка 480- Купување на опрема и машини е планирана со износ од 6.880.000,00 денари, реализирана во третиот квартал со 815.263,00 денари.

Ставка 482- Други градежни објекти била планирана со износ од 23.438.861,00 денари, а реализирана во третиот квартал со 3.017.379,00 денари.

Ставка 483- Купување на мебел била планирана со износ од 2.420.000,00 денари, а реализирана во третиот квартал со 695.910,00 денари.

Извршувањето на расходите од сметката за наменска и блок дотација за програмата В1- Детски градинки е 53,27%, В2- Дом за стари лица 66,51%, К3- Музејска и кинотечна дејност е 67,66%, Н1- Основно образование со 74,15%, Н2-Средно образование со 63,32% и програмата Њ0- Противпожарна заштита со 74,44%.

***Корисници на средства од сметка Самофинансирачки активности*:**

Вкупно реализирани приходи за сметката **Самофинансирачки активности** за третиот квартал се во износ од 40.336.397,00 денари, од планираните 135.570.624,00 денари, или 29,75%.

Вкупни тековно оперативни и капитални расходи за сметката **Самофинансирачки активности** во третиот квартал се реализирани 35.247.510,00 денари, од планираните 135.570.624,00 денари или 26% и тоа:

Ставка 404-Надоместоци е планирана со 2.962.924,00 денари, но не е реализирана во третиот квартал.

Ставка 420- Патни и дневни расходи планирани се трошоци од 1.674.000,00 денари, реализирани се во третиот квартал 115.504,00 денари.

Ставка 421- Комунални услуги, греење и транспорт планирани се трошоци од 19.790.000,00 денари, реализирани се 6.681.963,00 денари.

Ставка 423 - Материјали и ситен инвентар планирани се трошоци во износ од 46.460.400,00 денари, реализирани се 15.245.694,00 денари.

Ставка 424- Поправки и тековно одржување планирани се трошоци во износ од 17.339.300,00 денари, реализирани се 2.668.433,00 денари.

Ставка 425- Договорни услуги планирани се трошоци во износ од 16.417.800,00 денари, реализирани се во износ од 7.225.808,00 денари.

Ставка 426- Други тековни расходи планирани се трошоци во износ од 5.950.500,00 денари, реализирани се 1.300.274,00 денари.

Ставка 464-Разни трансфери планирани се трошоци во износ од 3.642.200,00 денари, реализирани се 1.679.406,00 денари.

Ставка 480 - Купување на опрема и машини од планираните трошоци во износ од 9.854.000,00 денари, реализирани се 242.501,00 денари.

Ставка 482 - Др.градежни објекти, планирани се трошоци во износ од 4.279.500,00 денари, а реализацијата за третиот квартал е 5.900,00 денари.

Ставка 483- Купување на мебел од планираните трошоци во износ од 5.998.000,00 денари, реализирани се во третиот квартал 34.197,00 денари.

Ставка 485- Вложувања и нефинасиски средства од планираните трошоци во износ од 802.000,00 денари, реализирани се 47.830,00 денари.

Ставка 486- Купување на возила планирана е со износ од 400.000,00 денари, но нема реализација за третиот квартал.

Извршувањето на расходите од сметката Самофинансирачки активности од В1- Детски градинки со 26,49%, В2- Дом за стари лица со 46,15%, ВА- Капитални расходи за детските градинки со 0,36%, К3- Музејска и кинотечна дејност програмата е со 28,32%, КА-Културни манифестации и трошоци со 25,25%, Н1- Основно образование со 16,56%, Н2- Средно образование со 20,82%, НА- Капитални расходи за основно образование со 5,30% и НБ- Капитални расходи за средно образование со 0,68%.

***Корисници на средства од сметка Донации:***

Вкупните тековно оперативни приходи од сметката **Донации** од планираните 67.547.247,00 денари, приходовани во третиот квартал се средства од 24.373.209,00 денари или 36,08%, додека за планираните расходи од 67.547.247,00 денари е реализиран износ од 15.269.008,00

денари или 22,60%. Со средства од Донации се реализираат следните проекти: донации од локалните јавни установи ЈОУДГ Естреја О. Мара, ОУ Даме Груев, ОУ Ѓорѓи Сугарев и други локални јавни установи и проектите на Општина Битола како Бенефит, Креирање на можности за работа за сите, Зајакнување на улогата на младите во Општина Битола, Смарт за тебе 2 и др.

Изработил
К.Ѓ Сектор за Финансиски прашања

-------------------------------------------